# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 57 од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), а во врска со член 39 став (6) и член 40 од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024 и 101/2025) Министерството за транспорт го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се дава ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ за извршување на работите за издавање на мемориски картички на правниот субјект „СМАРТ ИД СОЛУШН“ ДООЕЛ Скопје за период од 15 години почнувајќи од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, кое опфаќа: спроведување на постапка за издавање или одземање на картички, вклучувајќи го начинот на издавање на картичките, водење на евиденцијата од член 44 од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024 и 101/2025), издавање на податоците од евиденцијата и извршување на работи поврзани со генерирање на потребните електронски клучеви потребни за изработка на мемориските картички.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Министерството за транспорт на Република Северна Македонија објави јавен оглас за давање на јавно овластување за вршење на работите на издавање на мемориски картички, евидентиран во Министерството за транспорт под број 10-4828/2 од 6.8.2025 година, а објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 164/2025 од 7.8.2025 година, во дневниот весник Вечер број 18869 од 7.8.2025 година, на веб страната ted.europa.eu (официјален додаток на „Службен весник на Европската Унија“ бр. OJ S 150/2025 од 7.8.2025) оглас број 51661-2025 од 7.8.2025 година и на веб страната на Министерството за транспорт (www.mtc.gov.mk) на ден 7.8.2025 година.

Времетраењето на јавниот оглас беше заклучно до 14.8.2025 година до 12:00 часот. На јавниот оглас се јави еден понудувач кој своето барање го достави во пропишаниот рок. На отварањето на понудите по јавниот оглас беше констатирано:

- понудувач „СМАРТ ИД СОЛУШН“ ДООЕЛ Скопје, барање евидентирано под број 10-4828/4 на 14.8.2025 година во 11:50 часот. Понудена цена по редовна постапка 79 евра, понудена цена по итна постапка 111 евра, рок за почеток на извршување на јавното овластување 1 ден, број на работни часови во неделата 40, број на часови за итна постапка 48, број на дополнителни начини на примање на барањата 2 и број на дополнителни начини за обезбедување помош и информирање 2.

Согласно член 39 став (1) од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024 и 101/2025) јавниот оглас за јавно овластување за вршење на работите на издавање на мемориски картички го распишува Министерството за транспорт.

патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024 и 101/2025), јавниот оглас се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во едно домашно и странско јавно гласило.

Согласно член 39 став (3) од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024 и 101/2025) времетраењето на јавниот оглас не може да биде пократко од седум дена.

Согласно член 39 став (6) од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024 и 101/2025) постапката за избор ја спроведува Комисија формирана од министерот за транспорт која по спроведената постапка доставува предлог до министерот за транспорт за избор на правно лице носител на јавното овластување.

Согласно член 39 став (7) од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024 и 101/2025), постапката за избор ќе се спроведе и доколку на јавниот оглас барање достави и едно правно лице.

Согласно член 38 став (1) од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024 и 101/2025) и објавениот јавен оглас, критериуми за избор на правно лице за давање на јавно овластување се:

- предвидените просечни трошоци за издавање на секоја картичка, со тоа што повеќе бодови се добиваат за пониски просечни трошоци;
- рок за започнување на вршење на работите за коие овластен, со тоа што повеќе бодови се добиваат за понуден пократок рок и
- услови за давање на услугите кои се однесуваат на работното време со странки, начинот на поднесување барање за издавање на картички, помош и информирање на странките, со тоа што повеќе бодови се добиваат за подобри услови за работа со странките.

Согласно член 38 став (2) од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024 и 101/2025) критериумите од член 38 став (1) се бодираат така што критериумот од ставот (1) алинеја 1 носи најмногу бодови, а критериумот од ставот (1) алинеја 2 носи најмалку бодови.

На состанокот одржан на 14.8.2025 година Комисијата формирана од министерот за транспорт со решение број 10-4828/1 од 6.8.2025 година, изврши евалуација на доставените барања и го утврди следното:

- по спроведената евалуација на понудите Комисијата констатира дека согласно Мерилата за избор на најдобра понуда дадени во глава 4 од Огласната документација, а во врска со критериумите за избор на правно лице за давање на јавно овластување од член 38 од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.

понудувачот „СМАРТ ИД СОЛУШН“ ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија доби 100 бода и се јави како најповолен понудувач.

- други понуди не беа доставени.

По извршената евалуација, а врз основа на бодирањето, Комисијата достави извештај и предлог до министерот за транспорт евидентиран под број 10-4828/7 од 14.8.2025 година како најповолен понудувач да биде избрано правното лице „СМАРТ ИД СОЛУШН“ ДООЕЛ Скопје за правно лице носител на јавното овластување за вршење на работите за издавање на мемориски картички.

Со оглед на претходно кажаното, а во врска со член 40 од Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2024 и 101/2025) министерот за транспорт одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

Министерство за транспорт број 10-4828/8 на 25.8.2025 година.

Бр. 10-4828/8
25 август 2025 година
Скопје

Министер транспорт,
**Александар Николоски,** с.р.